**Р Е П У Б Л И К А   С Е В Е Р Н А   М А К Е Д О Н И Ј А**
**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА, КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**
**ул.Макарие Фрчковски бр.8 тел/факс 3163-812,3162-436,3109-401 п.ф.328**

Бр.01-753/1
24.08.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на точка 83 од Заклучокот од 50-тата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 02.03.2021 година и Известувањето за преземање на мерки за борба против корупцијата во установите, како и врз основ на член 12, став 2, точка 17 од Статутот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје бр.01-463/1 од 11.06.2015 година, Одлуките за измена и дополнување бр.02-124/3/5 од 15.02.2018година, бр.02-188/3 од 06.03.2018 година и бр.01-265/1 од 13.03.2019 година, директорот на установата донесе

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
## за 2021 и 2022 година

Националната установа Конзерваторски центар - Скопје, во функција на продолжување на борбата против корупцијата и судирот на интереси, го изработи овој програмски документ во кој се апострофирани значајни компоненти, кои треба да се спроведат во тековната 2021 година и наредната 2022 година.

Програмскиот документ ги утврдува приоритетните цели како и мерките и активностите што НУ Конзерваторски центар - Скопје треба да ги преземе за нивна реализација и креирање на соодветни политики кои треба да дадат резултати при постигнување на целите на оваа програма.

**Под поимот корупција, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.**

Поимот корупција, ги опфаќа и поимите на:

**Пасивна корупција** – намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

**Активна корупција** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за

него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Под **судир на интереси** се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Секој е должен во вршењето на функцијата, јавните овластувања и службената должност да постапува во согласност со Уставот и законите.

Никој не смее да ја користи функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице.

Никој не може да биде повикан на одговорност за корупција освен во случаите и условите предвидени со овој закон, со Кривичниот законик и друг закон и во постапка пропишана со закон.

Секој е должен во вршењето на фукцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.

Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

Вршењето на власта, функцијата, јавните овластувања, службената должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контрола.

Никој не може да се повика на примена на закон или друг пропис со кој ќе се ограничи или исклучи јавноста за да се прикрие корупција или судир на интереси.

Секој има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно со закон.

Главен акцент во антикорупциskиот план е ставен на вработените и раководството. Преку јакнење на нивниот професионален и личен интегритет од нив се очекува да ги извршуваат професионално задачите, согласно законите, прописите и интерните процеси и со тоа смело да се спротиставаат на корупцијата. Од вработените и раководството се очекува да го почитуваат етичкиот кодекс на однесување, да покажат високо ниво на интегритет во работењето и да не постапуваат надвор од своите задолженија и овластувања, како и веднаш да реагираат кога ќе препознаат одреден вид на корупција на која е потребно да се спротиставаат.

Корупцијата во НУ Конзерваторски центар - Скопје би се препознала кога:

- **Вработените или раководството при извршување на своите службени задачи и овластувања, за што како возврат бараат за себе или за друг некаква корист, погодност и имаат интерес за себе или за друг или на друг ќе му нанесат штета.**
- **Некој од вработените и раководството работи спротивно од стандардните постапки и интерните процедури и**

- **некој од вработените или раководството свесно ја злоупотребува својата службена положба и овластувања за директно или индиректно понудена, дадена, ветена, побарана, прифатена или очекувана корист материјална или нематеријална или друга придобивка за себе или некој друг.**

Справување на институцијата со корупцијата ќе започне со испраќање на јасна порака до сите дека корупцијата нема да остане несанкционирана и ќе се води според следните 5 законски принципи: принцип на законитост, принцип на интегритет, принцип на еднаквост, принцип на јавност и принцип на заштита и одговорност.

1. **Принцип на законитост –** почитување на правните норми пропишани во Уставот и законите во државата. Секој е должен во вршење на функцијата, службената должност и положба да постапува во согласност со Уставот и со законите во државата. Никој не смее да ја користи функцијата, службената должност и положба за извршување на некое дејствие што според закон не смее да го изврши или неизвршување на законито дејствие да го искористи за својот личен интерес или за интересот на друго лице.
2. **Принцип на интегритет** – подготвеност на поединецот да препознае и одлучно да се спротистави во некоја незаконска, неморална или нечесна ситуација. Под поимот „интегритет„ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспатентно вршење работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се вработени. Секој е должен во вршењето на функцијата да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно. Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на службените обврски и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.
3. **Принцип на еднаквост** – еднаков пристап, еднакво постапување, слободно настапување и еднаквост при пријавување на корупција. Секој има право на еднаков пристап кон вршењето на работи од јавен интерес и право на еднакво постапување од страна на носителите на власта и лицата кои вршат јавни овластувања и службени должности. Секој има право да спречи или пријави корупција или извршување, односно неизвршување на дејствие што претставува искористување на функцијата, јавните овластувања, службената должност или положба за да се нанесе штета на друг, без да трпи какви било последици.
4. **Принцип на јавност-** Вршењето на власта, функцијата, јавните овластувања, службената должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контола од граѓаните. Тоа значи дека јавноста, односно граѓаните-индивидуално или организирани во група се заинтересирани и имаат право да знаат за начинот и условите во кои се практикува власта. Државните органи за својата работа мора да ги информираат граѓаните, а граѓаните пак, имаат право да преземаат акција (пријавување) против оние државни службеници чие однесување е неправилно и незаконско.
5. **Принцип на заштита и одговорност-** Овој принцип подразбира дека секој, доколку има информации, има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно закон. Секој кој е оштетен со коруптивно дело има право да бара надоместок на штета.

**ЦЕЛИ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН**

Годишниот план треба да придонесе да се намали нивото на корупција и да се обезбеди повисока јавна доверба кон работата на установата, како и зголемување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста во сите одделенија на установата.

Годишниот план може да се реализира преку исполнување на следните цели:

- **Спроведување и реализација на програмските и вонпрограмските активности на законит, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин**

Професионалниот и политички неутрален јавен сектор кој делува на правилен, транспарентен, етички, економичен, отчетен и ефективен начин е основното начело за спречување на корупцијата и јакнење на довербата на јавноста.

- **Обезбедување на интегритет и транспарентност при вработувањето во установата, во согласност со системот на вредности и критериуми за квалитет**

Правична, заснована врз заслуги и деполитизирана политика за човечки ресурси е основа за градење компетентна и професионална јавна служба во установата. При вработувањето, потребно е да се почитуваат сите пропишани процедури, да се вклучат што повеќе мерливи критериуми за проценка на кандидатите во постапка за избор, да се намали дискреционата моќ на функционерот и да се направи целосно транспарентна.

- **Јакнење на надзорните и контролните механизми**

За правилно спроведување на донесениот закон, како и за спречување на неправилностите и изнаоѓање на решенија за корупција, неопходно е зајакнување на механизмите за контрола и инспекција, подобрување на правната рамка и финансиските, човечките и материјалните ресурси, како зајакнување на знаењата и вештините на вработените и нивната отпорност кон корупцијата.

- **Целосна дигитализација на одделенијата**

Дигитализацијата на одделенијата во установата и нејзиното постојано подобрување, ја подобрува ефикасноста и пристапноста при испорака на јавните услуги, ги забрзува процесите, го намалува човечкиот контакт и можностите за корупција, овозможува висока транспарентност на сите нивоа, ја подобрува интеракцијата помеѓу граѓаните и власта и консултативните процеси, и ги олеснува контролите, анализата на податоци и откривање на корупција.

- **Нулта корупција во јавните набавки**

За да се заштитат јавните ресурси вклучени во јавните набавки, да се добие најдобрата вредност за јавните трошоци, да се обезбеди фер конкуренција во постапките и правичен третман на понудувачите, неопходно е да се постигне највисоко ниво на транспарентност на процесите, подобрување на современите електронски системи, континуирано вложување напори во образованието на

човечките ресурси и нивниот интегритет, како и да се охрабри пријавувањето на неправилностите и да се надгледува севкупниот процес, вклучително и контролите за спроведување на склучените договори.

- **Подигнување на јавната свест и спроведување на антикорупциска едукација**

Подигањето на свеста за антикорупција и етика е неопходно во сите сегменти на општеството бидејќи информираната личност со интегритет е клучна во борбата против корупцијата.

Покрај активности за општа свест, целните групи треба периодично да се обучуваат за разбирање на штетните последици од корупцијата, антикорупциските алатки и етиката.

**Во контекст на горенаведеното во фокусот на антикорупциските активности на НУ Конзерваторски центар-Скопје за 2021 и 2022 година, ќе бидат:**

- Јакнење на интегритетот на вработените;
- Јакнење на професионализмот на вработените;
- Активна департизација и деполитизација;
- Почитување на Кодекс за администативни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор од страна на вработените;
- Почитување на етичкиот кодекс за именувани лица од страна на директорот на институцијата и именуваните членови на Управниот одбор;
- Воведување на контроли за буџетско трошење на средствата согласно законските прописи;
- Проверување на внатрешните процедури и процеси за работа во установата, со цел навремено идентификување на одреден ризик од појава на корупција и воведување на нови интерни процедури;
- Зајакнување на контролата и надзор на јавните набавки, редовно објавување на плановите за јавните набавки и целосната документација од тендерските постапки;
- Јакнење на меѓуинституционалната соработка за спречување на корупција;
- Континуирана обука и усовршување на вработените;
- Зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето во установата;
- Контакт информации на веб страната за лице одговорно за постапување со информации од јавен карактер, навремено одговарање на пристигнатите барања и нивно објавување на веб страната на установата;
- Задолжително објавување на сите документи, програми за работа, подзаконски акти и
- Јакнење на довербата на граѓаните и мотивирање да пријават корупција.

**НУ Конзерваторски центар-Скопје**
**Директор,**
**Коле Чапкановски**